Врз основа на член 79 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“, бр.52/10, 135/11 и 55/16) и член 5, 6 и 7 од Правилникот за начинот и критериумите за избор, како и причините за престанок на вршењето на работата на претседателот и членовите на Комисијата за организации со статус на јавен интерес („Службен весник на РМ“, бр.142/10), Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија распишува

**ОГЛАС**
**за избор на два члена на Комисијата за организации со статус од јавен интерес од организации регистрирани во согласност со Законот за здруженија и фондации**

Кандидатите за членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, предложени од организациите регистрирани во согласност со Законот за здруженија и фондации, треба да ги исполнуваат следните услови:

- да имаат експертиза од областа на граѓанскиот сектор, особено од правната и фискалната регулатива за здруженијата и фондациите (број на спроведени проекти како експерти, публикации, учество во работни групи); и
- да имаат познавање на националното законодавство поврзано со некоја од областите определени како дејности од јавен интерес во член 74 од Законот за здруженија и фондации.

Покрај предлогот во писмена форма, организациите за кандидатот за член на Комисијата, треба да приложат и

- биографија за кандидатот;
- мотивациско писмо од кандидатот;
- копие од последното решение за регистрација на организацијата (последни промени од уписот), или извадок од регистарот не постар од 30 дена; и
- референтна листа на активности во развојот на граѓанскиот сектор.

Предлозите за избор на членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, организациите треба да ги достават до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија – Одделение за соработка со невладини организации, во рок од 8 дена од денот на објавување на Огласот (до 22 јуни 2022 година), преку пошта на адреса

**Влада на Република Северна Македонија**
**Генерален секретаријат**
**Одделение за соработка со невладини организации**
**бул. “Илинден“ бр.2**
**1000 Скопје**

или да се достават во архивата на Владата на Република Северна Македонија до 16 часот (со назнака - Одделение за соработка со невладини организации – Пријава за оглас).

***Напомена: Пријавите со непотполна документација или по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат!***

***Доставените прилози не се враќаат.***

Контакт: Одделение за соработка со невладини организации
Тел: (02) 3 118 022, локал 336